

Поранешната министерка за труд и социјална политика, Рашела Мизрахи, алармира дека лажните вести, антисемитизмот и нетрпеливост кои лидерите на Социјалдемократскиот сојуз и нивните гласноговорници ги шират во последниот период, добија нов лик–сексизам.

Мизрахи прашува дали со такви вербални напади власта го замислува градењето концепт на едно општество на еднакви граѓани?

**„Антисемитизам, сексизам, дискриминации по секој основ, но, ништо лично нели? Ова е политика?**

**Додека политичкото лидерство на СДС директно и индиректно се користи и поттикнува користење на вакви алатки за лична дискредитација и девалвација на противникот, се прашувам како тоа Царовска вчера истакна дека пред идното Собрание ќе се најде целосно нов Закон за заштита и спречување на сите форми на насилство врз жените.**

**Се чини дека единствената вистина настрана од таа дека мразите сè македонско е**

**дека СДС се радикални мислители кои глумат улога во движењето за социјална правда, зборувајќи во име на работниците, сиромашните, зборувајќи во име на етничката и национална правда и секако правата на жените. Сексизмот ве оддава во сите ваши вистински бои.**

**Веднаш бараме извинување од страна на СДС, Зоран Заев и нивните луѓе одговорни за односи со јавност.**
**Бараме веднаш, истите да ја напуштат реториката која не врак а во средниот век, шири омраза и нетрпеливост!**

**ОВА Е НЕДОЗВОЛИВО!“ –** порача Мизрахи**.**

[https://lider.com.mk/makedonija/mizrahi-laznite-vesti-i-antisemitizmot-na-liderite-na-sds-dobija-nov-lik-seksizam/](https://lider.com.mk/makedonija/mizrahi-laznite-vesti-i-antisemitizmot-na-liderite-na-sds-dobija-nov-lik-seksizam/)